Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември
2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022

Извадок на ден од дневни настани 18.11.2022

На 17.11.2022 околу 21.45 часот бо тетовската населба Дреновец – Порој, полициски службеници на СВР Тетово ги лишиле од слобода М.Р.(42) од тетовско Мерово, Б.С.(21) од Копачиндол и М.К.(30) од Тетово, затоа што кај нив беа пронајдени и одземен кокаин. Тројката се задржани во Полициската станица Тетово и по целосно документирање на случајот ќе им бидат изготвени соодветни поднесоци.

На 17.11.2022 околу 14.30 часот во месноста „Бањиче" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода 34-годишниот В.Е. од тетовски Требош, затоа што кај него беле пронајдени и одземени марихуана и нож. Се расчистува и документира случајот и против В.Е. ќе следуваат поднесоци.

На 17.11.2022 околу 16.10 часот во Гостивар, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар го лишиле од слобода А.К.(41) од гостиварско Лешоник, затоа што кај него беа пронајдени и одземен хероин. По документирање на случајот на А.К. ќе му биде изготвен соодветен поднесок.

На 17.11.2022 во 22.50 часот на Плоштаѓа „Кајник" во Велес, полициски службеници од СВР Велес го лишиле од слобода Д.Т.(32) од Велес, затоа што кај него беле пронајдени и одземени марихуана, амфетамин и две дигитални ваги. При лишувањето тој се обидел да побегне и физички нападнал полициски службеник. Д.Т. бил задржан во Полициската станица Велес и по целосно документирање на случајот против него ќе следи соодветна пријава.

На 17.11.2022 во 21.20 часот на ул.„Девеани" во Битола, полициски службеници на криминалистичката полиција при СВР Битола ги лишиле од слобода А.Ш.(30) и И.С.(29), двајцата од Битола, затоа што при извршен преглед, кај А.Ш. биле пронајдени и одземени хероин и предмети со остатоци од пушачката материјал. Тие биле задржани во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе следува соодветена пријава.

На 17.11.2022 на локален пат во селото Србица, кичевско, полициски службеници од ОВР Кичево ги лишиле од слобода Б.И.(26) од село Србица, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 17.11.2022 во 13.15 часот на подрачјето на Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода Н.С.(21) и С.Ф.(23), двајцата од Скопје, затоа што кај нив била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.
На 17.11.2022 во 19.00 часот во автобус на ЈСП на ул.„Цветан Димов", полициски службеници од СВР Скопје кај малолетник од Скопје пронашле и одзеле гасен пиштол „Blow" калибар 9 мм. Лицето било приведено во полициска станица и со него бил извршен службен разговор во присуство на родител. Против него ќе биде поднесен поднесок по член 80 од Законот за оружје.

На 17.11.2022 во 17.40 часот во автобус на ЈСП на крстосница од ул.„Џон Кенеди" со ул. „Цветан Димов", полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Н.И.(53) од Скопје, затоа што кај него бил пронајден и одземен нож. Претходно било пријавено дека на бул.„Гоце Делчев" тој, наврзаки со ножот, ја загрозувал безбедноста на граѓаните. Со него бил извршен службен разговор во полициска станица и му бил изготвен поднесок по член 80 од Законот за оружје.

На 17.11.2022 во 17.30 часот на Граничниот премин „Богородица", полициски службеници од Полициската станица за граничен премин и граничен надзор Богородица го лишиле од слобода З.Л.(33) од Република Чешка. При извршена пасошка контрола било констатирано дека неговата чешка патна исправа е фалсификувана, односно биле направени промени во датумот на важноста. Тој бил предаден на полициски службеници од Полициската станица Гевгелија, а по целосно документирање на случајот, во координација со Јавен обвинител, против него ќе биде поднесена кривична пријава по член 378 од Кривичниот законик.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (17.11.2022) продолжи со засилените акциски контроли во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 192 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина девет санкции, 15 мерки за возење без возачка дозвола, 10 санкции за недавање предност на минување на пешаци. Изречени се осум мерки за користење мобилен телефон при возење, седум санкции за минување на затворен сигнал (црвено светло), осум санкции за прекршоци што ги прават пешаците, осум мерки за возач почетник, четири санкции за возење под дејство на алкохол...

Во текот на вчерашниот ден (17.11.2022) Министерството за внатрешни работи спроведе акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 167 возачи. Од нив 12 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а две возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа 76 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 91 надвор од населено место.

На 17.11.2022 на подрачјето на СВР Штип, полициски службеници спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 25 прекршоци, од кои 14 надвор од населено место и 11 во населено место. На овие возачи им биле изречени соодветни санкции. Санкционирани биле и 22 други видови на прекршоци, од кои 6 за управување возило без возачка дозвола, 1 за нерегистрирано возило, 1 за непропишо престигнување, 5 за некористење сигурносен појас и 9 за непропишо паркирање.

На 17.11.2022 во 15.45 часот во СВР Скопје било пријавено дека на автопатот „Мајка Тереза" - обиколница на град Скопје, под клучка Радишани, патничко возило „назад-3" со скопски регистарски ознаки, управувано од Р.Р.(63) од Скопје, удрило во велосипедистите А.П.(43) и А.Ш.(34), двајцата од Скопје. На местото на несреќата починал А.Ш., а смрт констатирал лекар од Итната медицинска помош. Со телесни повреди се здобил А.П., констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од Јавен обвинител и увидна екипа од СВР Скопје.

На 17.11.2022 во 09.40 часот СВР Тетово, 64 - годишниот И.Ш. од гостиварско Калиште пријавил дека на улица „Мајор Чеде Филиповски" во Гостивар бил каснат од куче скитник.

На 17.11.2022 во 15.00 часот во Полициската станица Струмица било пријавено дека на магистрален пат Струмица-Ново Село, во близина на село Ново Коњарево, А.Б.(42) од село Сушица, струмичко, управувајќи патничко возило „хонда", со струмички регистарски ознаки, изгубил контрола над возилото и излетал надвор од патот. Во несреќата се тешки телесни повреди се здобил возачот, констатирани во Медицински центар Струмица. Увид на местото извршила екипа на Полициската станица Струмица.

На 17.11.2022 во 22.30 часот во Полициската станица Драчево, Б.Д.(47) од Скопје пријавил дека на ул.„Антон Димитров" неговиот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 17.11.2022 во 04.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Горно Лисиче" во Скопје, патничко возило „опел астра" со скопски регистарски ознаки, управувано од Б.К.(24) од с.Долно Лисиче, удрило во ограда. Во несреќата се тешки телесни повреди се здобил возачот, констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 17.11.2022 во 21.30 часот во Полициската станица Кисела Вода, Ж.М.(57) од Скопје пријавила дека на ул.„Христо Татарчев" била касната од куче скитник.

На 17.11.2022 во 11.20 часот на ул.„Христо Татарчев" во населбата Кисела Вода – Скопје, полициски службеници од Оперативен тим потраги при СВР Скопје го лишиле од слобода С.С.(23) од С.Кондово, скопско. За него била распишана централна потерница по наредба од Основен суд Скопје за издржување мерка притвор за сторено кривично дело по член 386 од Кривичниот законик. Лицето ќе биде предадено на надлежната казнено - поправна установа за издржување на мерката притвор.

СВР Скопје – Единица за економски и компјутерски криминал поднесе кривична пријава против А.Ј.(35) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем" по член 251 од Кривичниот законик. Пријавениот пронашол изгубена платежна картичка на лице од Скопје и, наместо да ја врати, со неа плаќал стоки и услуги во разни правни лица. На тој начин тој се стекнал со противправна имотна корист од 14.652 денари.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Ф.Д.(39) од Охрид поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". При претрес, извршен по судска наредба, во неговиот дом во Охрид, полициски службеници пронашле и одзеле амфетамин, дигитална вага со остатоци од кокаин и други предмети поврзани со кривичното дело.

На 17.11.2022 во СВР Битола било пријавено дека во с.Гричари, ресенско, на патниот правец Макази - Маркова Ноѓа, на С.Е.(69)од с.Асамати, ресенско, додека управувал патничко возило „фиат пунто" со охридски регистарски ознаки, му се слошило и со возилото излетал од коловозот. С.Е. починал, а смрт констатирал лекар од Итна медицинска помош. Увид на местото извршиле екипа од ОВР Ресен, а по наредба на Јавен обвинител телото било предадено на семејството.

На 17.11.2022 во СВР Куманово, С.Ј.(39) од Куманово пријавила дека во дворот на основно училиште на улицата „Народна револуција" во Куманово нејзината малолетна ќерка била касната од куче скитник.

СВР Велес поднесе кривична пријава против Р.Ш.(39) од Неготино, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неизвршување на судска одлука". Пријавениот, во тек наврати постапил спротивно на решение со правосилност од 15.08.2022, односно ја прекршил привремената мерка за заштита од семејно насилство - забрана за приближување до живеалиштето каде што живеат жртвите од семејното насилство.

Одделението за прекуграничен криминал, миграции, странци и readmisija при Регионален центар за гранични работи Север - Скопје поднесе кривична пријава против А.М.Р.(20) од Република Турција, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа". На 11.11.2022 на Граничниот премин „Меѓународен аеродром Скопје", пријавениот на увид приложил турска патна исправа за која било утврдено дека е фалсификувана.

На 17.11.2022 во СВР Куманово, Б.А.(64) пријавил дека на крстосница од ул.„Тоде Мендол" и бул.„Трета македонска ударна бригада" бил каснат од куче скитник.

На 17.11.2022 во 13.54 часот во Полициската станица Драчево било пријавено дека во с.Батинци, скопско, по претходна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу С.С.(41), Ј.С.(26), Џ.Б.(59) и двајца малолетници, сите од с.Батинци, скопско. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 17.11.2022 во 13.40 часот на подрачјето на Бит Пазар-Скопје, полициски службеници од СВР Скопје ја лишиле од слобода Р.А.(37) од Скопје. Таа се сомнили дека претходно од златарница на подрачјето на Бит Пазар одзела златен предмет. Во врска со случајот, Р.А. пријавила дека околу 13.00 часот во златарницата била физички нападната од продавачот Н.А.(60) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 17.11.2022 во 18.30 часот, А.П.(51) од Кичево во полициска станица пријавила дека нејзиниот малолетен син на улица „Маршал Тито" во Кичево бил каснат од куче скитник.

На 17.11.2022 во 16.00 часот во Полициската станица Аеродром било пријавено дека околу 15.00 часот на подрачјето на Аеродром – Скопје, поради нарушени семејни односи, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу В.К.(76), 41-годишната М.К. и 38-годишната А.Ц.К., сите од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 17.11.2022 во 10.30 часот во Полициската станица Карпош, С.Г.(60) од Скопје пријавила дека нејзиниот сопруг Н.Г.(64) се оддалечил од домот. Според пријавеното, можно е Н.Г. да се наоѓа во атарот на с.Катланово, скопско. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 17.11.2022 во 16.30 часот во Полициската станица Карпош, Л.С.(63) од Скопје пријавила дека на ул.„Московска" била касната од куче скитник.

На 17.11.2022 во СВР Скопје било пријавено дека околу 21.15 часот во спортска обложувалница на бул.„Кузман Јосифоски Питу", едно лице со закана кон вработената одзело пари од дневниот промет и нејзин паричник. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 17.11.2022 околу 11.40 часот во Полициското одделение Сарај, Б.А.(24) од с.Блаце, скопско, пријавил дека во близина на с.Сарај, скопско, бил каснат од куче скитник.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет